Врз основа на член 18 од Законот за здруженија и фондации 2010 („Сл.весник на РМ" бр.52/2010) и Собранието на Здружението **Институт за истражување и анализа на политики РОМАЛИТИКО Скопје, на седница на ден 8 февруари 2023 година изврши измени и дополнувања и го донесе следниот пречистен текст на Статутот:**

# С Т А Т У Т

на

Здружение Институт за истражување и анализа на политики РОМАЛИТИКО Скопје

**Член 1**

Здружението Институт за истражување и анализа на политики РОМАЛИТИКО Скопје, е доброволно, непрофитно, невладино, непартиско здружение на граѓани, формирано со слободно здружување на граѓаните заради остварување, заштита и усогласување на своите интереси и уверувања за унапредување на граѓанското општество и локалните заедници, како и заради вршење на дејности и активности за поттикнување на моралните вредности, зајакнување на меѓуетничките односи и економски развој во територијата на Северна Македонија и пошироко, а во согласност со Уставот и Законот.

**Член2**

Здружението Институт за истражување и анализа на политики РОМАЛИТИКО Скопје, ќе се занимава со истражувања и анализа на политики насочени кон Роми се со цел да обезбеди достоинствен живот на Ромите во мултиетничка Северна Македонија.

**Член 3**

Здружението **Институт за истражување и анализа на политики РОМАЛИТИКО Скопје** дејствува на територијата на Република Северна Македонија. Здружението во своето дејствување може да соработува со организации, здруженија, фондации и институции, и да членува во асоцијации во земјата и странство согласно Уставот и Законот на Република Северна Македонија и овој Статут.

**Член 4**

Здружението како Здружение своите цели, задачи и дејности ќе ги остварува во согласност со Уставот на Република Северна Македонија, со Законите на Република Северна Македонија и со овој Статут.

**Член 5**

Називот на здружението на граѓани е:
**Здружение Институт за истражување и анализа на политики РОМАЛИТИКО Скопје**
Името на англиски јазик е:
**Association Institute for Research and Policy Analysis ROMALITICO Skopje**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА РЕГИОНАЛНА РЕГИСТРАЦИОНА КАНЦЕЛАРИЈА-СКОПЈЕ БРОЈ 6

Скратениот назив на Здружението е:
**РОМАЛИТИКО Скопје**
Скратениот назив на Здружението на англиски јазик е:
**ROMALITICO Skopje**

**Член 6**

Седиштето на здружението е во Скопје на ул. Мајаковски бр. 12, влез 1, кат ПОТ, стан бр. 18, а се организира и делува на подрачјето на територијата на Република Северна Македонија, но и пошироко на регионално и меѓународно ниво.

**Член 7**

Здружението **Институт за истражување и анализа на политики РОМАЛИТИКО Скопје** има својство на правно лице со права, обврски и одговорности кои произлегуваат од Законите и Статут на здружението.
Здружението има свој печат и штембил.

Печатот е тркалезен и го содржи името на здружението на Македонски јазик со кирилично писмо **Институт за истражување и анализа на политики РОМАЛИТИКО Скопје** и на Англиски јазик со латинично писмо **Institute for Research and Policy Analysis ROMALITICO Skopje**.

Штембилот на Здружението е правоаголен со следниот текст: на Македонски јазик со кирилично писмо:

Институт за истражување и анализа на политики
**Р О М А Л И Т И К О** С К О П Ј Е
Institute for Research and Policy Analysis
**R O M A L I T I C O** S K O P J E

Бр.________________
________________20________год.

**Цели и задачи на Здружението**

**Член 8**

Граѓаните се здружени во Здружението заради остварување на поширок заеднички интерес. Мисијата на здружението е да креира и промовира динамично отворено општество преку анализи, истражувања, консултански услуги и тренинг за јавни политики кои ги таргетира Ромите во Република Северна Македонија и пошироко. Визијата на Здружението Институт за истражување и анализа на политики РОМАЛИТИКО Скопје е: да обезбеди достоинствен живот на Ромите во вклучувачка и мултиетничка Европа.

Основни цели и задачи на Здружението се:

- Спроведување на истражувања, анализи, консултации, тренинг, и проекти во областа на: економија, право, политика и родова еднаквост во Република Северна Македонија и пошироко

- Обезбедување на навремени точни и самостојни податоци за состојбата на Ромите во погоре наведените области во Република Северна Македонија и обезбедување нивна стручна анализа
- Подигнување на свеста кај Ромите за значењето на одредени прашања кои се поврзани со погоре наведените области како и нивно поттикнување да учествуваат во процеси
- Унапредување на статусот и положбата на Ромите и нивно застапување
- Промовирање на отворено партиципативно и иклузивно носење на одлуки на национално и локално ниво
- Поддршка и олеснување на процесот на европеизација на Република Северна Македонија

**Член 9**

За остварување на целите и задачите на здружението се формираат програми кои ќе бидат раководени од страна на менаџмент

Своите цели здружението ги остварува со:
- Истражувачка дејност во областите на делување на Здружението Институт за истражување и анализа на политики РОМАЛИТИКО Скопје;
- Застапување преку одржување на конференции, тренинзи, работилници, семинари, дебати и обуки;
- Изготвување и издавање на публикации во печатена и електронска форма;
- Користење на современи методи (веб алатки).

**Членување**

**Член 10**

Член на здружението може да биде секој полнолетен граѓанин, државјанин на Република Северна Македонија и/или странец кој:
- Ги прифаќа целите и задачите, како и методите за остварување наведени во овој Статут;
- Има познавања во областа на делувањето на Здружението;
- На денот на поднесување на апликацијата да биде полнелетен;
- Плаќа годишна чланарина согласно правилникот за членство во Здружението.

Член на Здружението **Институт за истражување и анализа на политики РОМАЛИТИКО Скопје** без право на глас може да биде друга невладина организација, амбасада, правно лице, меѓународна организација доколку се прифатени вредностите и целите на функционирање на Здружението.

За членување во Здружението одлучува Управниот одбор со мнозинство број гласови од присутните. Гласањето може да се одвива и по електронски пат.

Здружението **Институт за истражување и анализа на политики РОМАЛИТИКО Скопје** за своите членови води регистар на членство кој се ажурира еднаш годишно. Податоците од регистарот се заштитени во согласност со прописите за заштита на личните податоци и класифицирани информации.

Зачленувањето во Здружението се врши со апликација до Извршниот директор и доколку се исполнети условите за членство од член 10 од овој Статут одлуката за членство ја носи Управниот одбор со мнозинство гласови од вкупниот број на членови.

**Член 11**

Членот има право да бира и да биде биран во органите на Здружението, да придонесува во развојот, промовирање и популарноста на Здружението и доброволно да се откаже од членувањето.

Членувањето во Здружението дополнително се регулира со посебен Правилник за членство.

**Член 12**

Членовите на Здружението се должни:
- да го почитуваат Статутот;
- да присуствуваат на состаноците;
- да земаат активно учество во спроведувањето на Програмата на активностите на Здружението;
- да ги извршуваат активностите предвидени со Програмата за работа;
- да плаќаат годишна членарина;
- да го претставува Здружението согласно принципите и целите на Здружението.

**Член 13**

Членството во Здружението може да престане:
- по достава на писмено повлекување на членот на Здружението;
- исклучување или суспендирање.

По барање на Управниот Одбор на Здружението член на Здружението може да се исклучи или суспендира со мнозинство гласови од вкупниот број на членови во случај на:
- ако не го почитува Статутот и обврските кои произлегуваат од него;
- ако дејствува против целите на Здружението.

**Јавноста во работата**

**Член 14**

Работата на **Институт за истражување и анализа на политики РОМАЛИТИКО Скопје** е јавна.

Јавноста во работењето се обезбедува со редовно известување (на членовите, други здруженија или пошироката јавност) за работењето и активностите на Здружението, со увид во спроведувањето на програмските задачи, со поднесување извештај за работа на органите и телата на Здружението, за материјално – финансиско работење и друго.

За информирање на членовите и пошироката јавност се користи печатот, радиото, телевизијата, официјалната веб страна www.romalitico.org како и списанието и таблата за јавно огласување која стои на видно место во просториите на самото здружение.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА • ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА • СКОПЈЕ РЕГИОНАЛНА РЕГИСТРАЦИОНА КАНЦЕЛАРИЈА-СКОПЈЕ БРОЈ 6

**Дигитално работење**

**Член 14-а**

Работата на органите на Здружението може да се организира и дигитално преку интернет со дигитално оддржување на седници на Собранието и Управниот одбор, како и сите други состаноци. На дигиталните состаноци и седници се почитуваат одредбите од Статутот и доколку е потребно гласање истото се одвива електронски.

За дигиталното работење на Здружението одлучува Директорот на Здружението. Дигиталното спроведување на активностите се смета како еднакво со физичкото спроведување на активностите.

**Финансирање на здружението**

**Член 15**

Здружението остварува средства од:

- членарина,
- донации, доброволни прилози,
- грантови
- подароци
- спонзорства
- буџет на РМ и локалните самоуправи,
- давање на услуги на други здруженија, организации и институции
- провизии од органи, организации,
- приходи од стручни и други активности
- од други извори предвидени со Законот и Статутот

**Член 16**

Користење и располагањето со средствата на Здружението добиени по основите од претходниот член се врши на начин утврден со овој Статут и останатите законски норми, утврдени со финансискиот план и врз основа на валидни документи.

**Член 17**

За користење и располагањето со средствата одлучува Управниот одбор, согласно надлежносите утврдени со овој Статут.

**Член 18**

Здружението **Институт за истражување и анализа на политики РОМАЛИТИКО Скопје** донесува годишен финансиски план за приходите и расходите на Здружението.

Финансискиот план ги содржи приходите кои се стекнуваат по член 16 од Статутот, како и расходите за општествената активност, плати на вработените, материјали, трошоци за работа на Здружението и други расходи сврзани со работата на Здружението. Финансискиот план може во секое време да се измени.

**Органи на Здружението**

**Член 19**

Органи на **Институт за истражување и анализа на политики РОМАЛИТИКО Скопје** се:

1. Собрание
2. Управен одбор
3. Директор

**Собрание на здружението**

**Член 20**

Собранието е највисок орган на Здружението. Собранието на Здружението **Институт за истражување и анализа на политики РОМАЛИТИКО Скопје** го сочинуваат членовите на Здружението.

Собранието се состанува по потреба, а најмалку еднаш годишно.

**Член 21**

Седници на Собрание свикува Претседателот на Собранието по сопствена иницијатива, или на иницијатива на најмалку два члена од Собранието.

Ако Претседателот на Собранието не го свика Собранието во рок од 7 дена од дадениот предлог, седница на Собранието може да свика Управниот одбор или Директорот на Здружението.

Седници на Собранието се свикува и по предлог на Управен одбор. Седница на Собранието може да се свика и по предлог на директорот на Здружението.

**Член 22**

Собранието на Здружението **Институт за истражување и анализа на политики РОМАЛИТИКО Скопје** од редовите на своите членови избира Управен одбор.

**Член 23**

Собранието може полноправно да одлучува ако се присутни повеќе од една половина од вкупниот број членови.

Собранието по правило одлуките ги донесува со мнозинство гласови од присутните членови.

На собранието се одлучува тајно или со јавно гласање. Гласањето може да се одвива и по електронски пат.

Секој член на Собранието има право на еден глас.

Доколку на првото свикување на седница на Собранието не се присутни мнозинството од членовите, во рок од седум дена се свикува нова седница на Собранието, на новата седница доколку не се повторно присутни половина од членовите, Собранието може да донесе одлука со мнозинство гласови од присутните членови. Овој став не е во важност доколку со друг член од овој статус е поинаку определено гласањето.

Членовите на Собранието во секое време треба да ги имаат целите и интересите на Здружението над поединечните или посебните цели на која и да е друга страна.

**Член 24**

Собранието на Здружението **Институт за истражување и анализа на политики РОМАЛИТИКО** Скопје одлучува со двотретинско мнозинство за:

- Измена и дополнување на Статутот
- За престанок или спојување на Здружението со друго Здружение; и
- За промена на целта на здружувањето

**Член 25**

Собранието ги врши следните работи:

- Донесува Статут на Здружението **Институт за истражување и анализа на политики РОМАЛИТИКО Скопје** и врши измени и дополнувања на истиот;
- Усвојува годишен извештај, насоки и план за работа,
- Усвојува завршна сметка и финансиски план,
- Одлучува за здружување или разделување од друго здружение и за зачленување во сојузи и меѓународни организации.
- Избира Претседател на Собранието
- Усвојува Стратегија и програма за работа на Здружението;
- Избира и разрешува членови на Управен одбор;
- Избира и разрешува извршен директор
- Ја следи материјално финансиската состојба на Здружението помеѓу две собранија;
- Расправа за постигнатите резултати од развојот на Здружението и дава препораки за натамошен развој на Здружението;
- Одлучува за формирање на не-статутарни органи;
- Го определува знакот и мотото на Здружението
- Одлучува за престанок или спојување на здружението со двотретинско мнозинство;

**Член 26**

Претседателот на Собранието на Институт за истражување и анализа на политики РОМАЛИТИКО Скопје

- Го свикува и претседава со Собранието
- Го промовира Здружението во јавност
- Ги потпишува одлуките и записниците што ги донесува Собранието
- Дава предлози и иницијативи за унапредување на работата на здружението
- Врши други работи во согласност со Статут

Претседателот на Собранието го избира Собранието со мандат од две години со право на повторен избор.

**Член 26-а**

Дејностите кои спаѓаат во делукругот на работење на Собранието во итни случаеви ги врши Управниот одбор на Здружението, со тоа што Собранието поднесува извештај за спроведените активности на првата наредна седница на Собранието.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - РЕГИОНАЛНА РЕГИСТРАЦИОНА КАНЦЕЛАРИЈА-СКОПЈЕ * СКОПЈЕ БРОЈ 6

**Управен одбор**

**Член 27**

Управниот Одбор на здружението **Институт за истражување и анализа на политики РОМАЛИТИКО Скопје** се состои од Извршен директор и двајца членови на Собранието.

**Член 28**

Мандатот на членовите на Управен Одбор трае две години со можност за повторен избор. Членовите на управниот одбор ги избира Собранието со мнозинство гласови. Со работата на Управниот одбор раководи директорот.

**Член 29**

Управниот Одбор ги врши следниве работи:

- Свикува седница на Собранието;
- Ги подготвува седниците на Собранието, припрема материјали за седниците на Собранието;
- Го предлага нацрт статутот, предлага измени и дополнување на статутот и ги подготвува другите одлуки што треба да ги донесе Собранието;
- Ја спроведува политиката, заклучоците и одлуките донесени од Собранието;
- Ги спроведува статутарните и програмските задачи на Здружението;
- Подготвува годишен и периодичен извештај за работата на здружението;
- Предлага годишна програма за работа;
- Одлучува за прием на нови членови и престанок на членувањето;
- Донесува соодветни правилници,
- Дава согласност за набавка и отуѓување на основните средства;
- Дава согласност на Правилникот за организација и работните задачи на стручната служба на Здружението, и врши контрола на нејзиното работење;
- Донесува одлуки по приговори и жалби;
- Предлага и спроведува финансиски план и изготвува завршна сметка
- Претседателот на Управниот одбор потпишува договор со Директорот на Здружението;
- Врши и други работи кои произлегуваат од потребите на Статутот на Здружението и од Законот.

**Член 30**

Упрваниот Одбор за својата работа одговара пред Собранието на Здружението.

Управниот Одбор се состанува најмалку три пати годишно.

Седницата на Управниот Одбор ја свикува Извршниот директор или најмалку еден член на Управниот одбор

Со седницата раководи и претседава Извршниот директор, а во негово отсуство ќе раководи член од Управниот одбор кој ќе биде назначен од страна на Извршниот директор.

Членовите на Управниот одбор во секое време треба да ги имаат целите и интересите на здружението над поединечните или посебните цели на која и да е друга страна.

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА • РЕГИОНАЛНА РЕГИСТРАЦИОНА КАНЦЕЛАРИЈА СКОПЈЕ БРОЈ 6 • СКОПЈЕ

**Член 31**

Управниот одбор донесува одлуки со консензус. Доколку не може да се постигне консензус, управниот одбор донесува одлуки со мнозинство гласови од членовите.

**Член 31-а**

Член на управниот одбор може да биде разрешен пред истекот на мандатот ако:

- Поднесе оставка
- Не ги извршува своите обврски предвидени со овој Статут

Членот на управниот одбор се разрешува од страна на Собранието со мнозинство гласови.

**Извршен директор**

**Член 32**

Извршниот директор се избира за време од 2 години со право на повторен избор.
Извршниот директор е главен носител на извршните и програмските функции во здружението.

**Член 33**

Извршниот директор како главен носител на извршните и програмските функции ги има следните права, должности и одговорности:

- го застапува здружението пред трети лица;
- потпишува договори во име на здружението;
- потпишува акти донесени од страна на управниот одбор
- донесува одлуки во врска со работниот статус на вработените
- е потписник на сметката на Здружението
- го застапува Здружението во имотно – правните работи
- соработува и комуницира со партнери и клиенти;
- се грижи за постојано зајакнување на внатрешните капацитети во согласност со стратегијата на организацијата;
- се грижи за обезбедувањето на квалитет и евалуација на понудените/испорачаните услуги;
- раководи со секојдневните активности, координира различни програмски задачи, комуницира со членовите и надворешните експерти за остварување на истите;
- ги координира активностите за застапување и промоција;
- управува и одговара за управувањето со имотот на здружението;
- предлага донесување на насоки за работа и годишен план за работа и одговара за нивното спроведување;
- Се грижи за документацијата на Здружението
- Одговара за законитоста на Здружението
- Предлага на Управниот одбор развој на стратегиски документи и упатства за работата на организацијата, за финансиското известување и обезбедувањето на финансиска транспарентност и отчетност;
- Ја спроведува политиката, заклучоците и одлуките донесени од Управниот одбор;
- Директорот за својата работа одговара пред Собранието на Здружението

- Врши други работи утврдени со закон, статутот или со упатствата усвоени од Собранието на Здружението Институт за истражување и анализа на политики РОМАЛИТИКО Скопје

**Член 33-а**

Мандатот на директорот може да престане и пред истекот на мандатот ако:

- Поднесе оставка
- Не го почитува Статутот
- Не ги спроведува планот и програмите за работа

Предлог за разрешување на директорот дава претседателот на Собранието или една третина од членовите на Собранието.

**Престанок на Здружението**

**Член 34**

Здружението престанува со работа во следниве случаи:

- Ако за тоа се изјаснат 2/3 од членовите на Собранието на Здружението;
- Ако бројот на членовите се намали под бројот определен со Закон за основање на Здружение ;
- Ако настапат причини утврдени по член 63 од Законот за здруженија и фондации.

Одлука за престанок на Здружението донесува Собранието со двотретинско мнозинство.

Основачите на здружението **Институт за истражување и анализа на политики РОМАЛИТИКО Скопје** имаат право да го укинат здружението.

**Член 35**

Во случај на престанок на работата на Здружението, имотот и другите права и приходи што остануваат по намирувањето на обврските, преминуваат во сопственост на организацијата истоветна на здружението.

**Член 36**

Доколку не можат да се исполнат условите утврдени во Членот 35, во случај на престанување на работата на здружението неговиот имот преминува во сопственост на Република Северна Македонија.

**Преодни и завршни одредби**

**Член 37**

Толкување на одредбите на овој Статут дава Собранието на Здружението, а помеѓу две Собранија, Управниот одбор на Здружението.

**Член 38**

Измени и дополнување на овој Статут се вршат по иста постапка како и за неговото донесување.

**Член 39**

Овој Статут влегува во сила од денот на донесените измени и дополнувања и доставувањето во Централниот регистар на Република Северна Македонија.

**Датум и место**
**8 февруари 2023 година**
**Скопје**

**Директор и законски застапник**
**Елвис Шаќири**

потпис